Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со точка 6.1. од **Годишна програма за урбанистичко планирање за 2023 година** бр.08-1464/10 од 28.12.2022 година, Советот на Општина Чучер-Сандево на **27-та** седница одржана на **25.08.2023** година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ЗА ОБЈЕКТИ, НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

## Член 1

Со оваа одлука се задолжуваат инвеститорите кои поднесуваат барање согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), да обезбедат паркинзи за велосипеди кај сите постојни и новопроектирани станбени, деловни и други јавни објекти.

Уредувањето и обезбедувањето на овие паркинзи за велосипеди во рамки на една градежна парцела треба да е правопропорционално на бројот на станбени единици и бројот на паркинг места за моторни возила предвидени и содржани во објектот кој е предмет на барањето, согласно Законот за градење, како и на веќе изградените станбени и други објекти кои не се предвидени за домување на територијата на Општина Чучер Сандево.

## Член 2

Минималниот потребен број на паркинг места за велосипеди кај новите станбени објекти, на 80м2 корисна станбена површина, за секое паркинг место за моторно возило, да се предвидат минимум 4 паркинг места за велосипеди. За деловни и индустриски објекти, потребата од паркинг места за велосипеди да се утврди правопропорционално на корисната површина од административниот дел (на 15м2, едно паркинг место за велосипеди).

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) , горенаведените параметри, ќе се применуваат и за поднесените барања за измени во тек на градба и барањата за одобрение за доградба или надградба.

## Член 3

Одредбите од оваа одлука ќе се применуваат и за веќе изградените деловни и индустриски објекти, кои треба да ја уредат и усогласат инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди во рок од две години од стапувањето на сила на оваа одлука, а имателите на веќе изградените објекти за домување, треба да ја уредат и усогласат

инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди во рок од две години од стапувањето на сила на одлуката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавување во Службен гласник на општина Чучер-Сандево.

**Бр. 08 -1139/7**
**25.08.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно усвоената **Годишна програма за урбанистичко планирање за 2023 година од страна на Советот** на Општина Чучер-Сандево, на 19тата седница одржана на 28.12.2022 година, во точка 6.**1** Образложение на ставка 425 Договорни услуги-Изработка на просторни и урбанистички планови, предвидена **е Студија / план за спроведување велосипедска инфраструктура на ниво на општина Чучер-Сандево**. Како една од мерките во поглед на унапредување и стимулација на користење на еколошки превозни средства, Општина Чучер Сандево предлага **Одлука за уредување на паркинг простор за велосипеди за објекти, на територијата на општина Чучер-Сандево**.

Општина Чучер Сандево е отворена за соработка и за сите граѓански здруженија кои имаат проекти важни за граѓаните. Исто така, општината во континуитет продолжува да ги застапува интересите на граѓаните преку реализирање на мерки кои се во согласност со нивните потреби.